## ДВЕ КНИГИ ОД ЕДЕН АВТОР

Библиотеките и читалиштата претставуваат значајни културно-образовни центри. Библиотеките како најмасовни културно-образовни центри во минатото и денес обавуваат мултипликативни образовни функции, па оттука се наметнува и потребата од перманентно системно истражување во сферата на библиотекарската дејност.

Покрај библиотеките и читалиштата имаат посебно место и значење во реализирањето на информативно-образовните, воспитните и културни дејности сред работните луѓе и граѓаните. Библиотеките и читалиштата претставуваат значајни андрагошки институции кои се подеднакво релевантни за систематското проучување на повеќе интердисциплинарни подрачја, па во тој контекст и посебен интерес на педагошките и андрагошките научни дисциплини.

На ова место, патем, беа набележани само некои од повеќето образовно-културни дејности што ги обавуваат овие институции, со цел да се доближиме до интересирањето на нашиов прилог. Имено, ке се задржиме во куси црти на две понови книги што во последно време се јавија во нашиве книжарски витрини од еден млад книжевен педагог. Станува збор за двете книги на Михајло Георгиевски: „Македонската печатарска дејност“ и „Манастирските библиотеки и читалишта во Македонија до 1912 година“. И двете книги се во издание на Издавачката куќа „Мисла“ од Скопје, а печатени — првата во 1972 година, а втората во 1975 година.

Првата книга „Македонската печатарска дејност“ има свои есенцијални димензии и зафаќа одредени моменти од појавата и развитокот на печатарската дејност во Македонија. Имено, таа во себе ги субсумира следниве поглавја: „Почетоците на печатарството во светот“, „Печатарството кај Јужните Словени“, „Македонската средновековна писменост и книжевност“, „Македонската печатарска дејност надвор од Македонија“, „Македонските печатари и печатници во Македонија“ и „Туѓите печатници во Македонија“. Низ овие поглавја кои претставуваат еден континуитет во развитокот на печатарската дејност, главно вниманието е свртено на појавата и развојот на печатарството во Македонија, што ни дава јасна слика за состојбата на оваа значајна дејност кај нас, за нивната појава и развојните можности и проблеми.

Вториот значаен труд на Михајло Георгиевски „Манастирските библиотеки и читалишта во Македонија до 1912 година“, говори за развојниот пат на библиотеките и читалиштата во Македонија и проблемите во нивната секојдневна дејност. Авторот, библиотекарската дејност и библиотекарството во целина го разгледува од аспект на нашето историско минато, т.е. со првите никулци и почетоците на оваа мошне ценета дејност почнувајќи од Солунските браќа Кирил и Методиј, преку нивните ученици Климент и Наум, па сè до 1912 година. Секако дека тој долг развоен пат на библиотекарството кај нас во минатото имал и одре-

дени проблеми во прв ред со зачувувањето на целиот книжен фонд, бидејќи како што вели авторот во својот труд на едно место од обемноста на овој фонд што достигнувал некаде и до педесет товари книги, многу малку во некои места се зачувал тој книжевен — библиотечен фонд во некои библиотеки. Некои од нив биле уништени, а некои пренесени во библиотеките надвор од Македонија. Но, сепак и скромната ризница на книги што останал од тој период говори за богатството на книжниот фонд и развојниот пат на оваа дејност во Македонија во минатото.

Во овој труд, во првиот дел Михајло Георгиевски се осврнува на создавањето и богатството на книжните фондови во некои поголеми манастирски библиотеки во Македонија, како на пример во Тиквешко, Кумановско, Тетовско, Битолско, Кратовско, Прилепско, Струмичко, Радовишко, Демирхисарско, Дебарско и други библиотечни центри во Македонија.

Во вториот дел од овој труд, авторот се осврнува на некои развојни проблеми на читалиштата во Македонија, како значајни културно-образовни центри за задоволување на широките образовни потреби на работните луѓе и граѓаните. Овој дел меѓу другото ја опфаќа и работата на читалиштата во Скопје, Битола, Штип, Велес, Охрид, Прилеп и во другите културно-образовни центри во Македонија. Секако дека отворањето и работата на овие читалишта е условено од тогашните општествено-економски, општествено-економски, општествено-политички и културно-образовни прилики за задоволување на образовните потреби, како од општ, така и од специфичен карактер. Тие одиграле значајна улога во пренесувањето на напредната мисла од областа на научното и културното творештво.

Библиотеките и читалиштата во минатото многу придонеле за појавата и развитокот на напредното работничко движење во Македонија и за ширење на писменоста и културата, како и будење на националната свест кај напредната работничка и селанска интелегенција и воопшто кај сите работни луѓе и граѓани, за нивното богатење на напредната човечка мисла, за социјално, национално, политичко и културно изградување и тие создавале интерес за читање на разновидна литературна материја воопшто и во развивањето на читалачките интереси и во богатењето на општата и професионална култура.

И двете книги побудуваат интерес кај читателот и го запознаваат со тогашниот развиток на печатарската, библиотечната и дејноста на читалиштата во Македонија, како значајни културно-образовни центри што придонеле за напредокот на човечката мисла и во ширењето на образованието и културата кај широките народни маси.

**А. И.**